# FORMAL OR NON-FORMAL EDUCATION

**Radomir Popovski**
UKIM – Skopje, Republic of Macedonia radomir108@gmail.com

**Abstract:** Each state, well the Rapublic of Macedonia, within the general strategy of education, actually represents a conception of certain education system, long term viewed, and is based on long term objectives of education. It implies certain education system to form in line with the goal that the country aspires to achieve through primary and higher education. Most conceptions of education repose of class-subject-lesson school system, as in the Balkan region and beyond, and in nine year duration of the existence of different variations. The paper defined upbringing-educational system of the Republic of Macedonia. Class-subject-lesson school system of Comenius is being reviewed from several aspects. The appearance of formal learning is defined, respectively class-subject-lesson school system. Listed are the advantages and disadvantages, both in methodological terms and in his stereotypy, and especially in the transfer of knowledge that sets the student into the objective position. Into the purpose for omni-round development of the student, its active participation in upbringing-educational processes – are presented the achievements of some experimental schools as Summerhill School. The Dalton Plan is presented as a kind of non-formal learning, and its implications for the goal of individualized work are being previewed, as well as teaching techniques whose task is – teaching based on the freedom of the student to choose a specific problematic content according to his affinities, abilities and capabilities in which he gives his maximum. The formal and non-formal approach to education is comparatively analyzed. The paper traced the frontal versus individualized work with students and their effects. Listed are some examples of non-formal approach (India, Pakistan and Israel) which are still dominated by religious or other provenance, as well as some modern approaches into upbringing-educational processes through methodological innovations, based on scientific research and practices, which are primarily designed and run by academics and experts. The purpose of this paper is to indicate the development of the educational system, the role of the school and its impact on ethical and psychological profile of a young person. Learning is not seen as a unified activity, but on the contrary, as accessible to all and lifelong. Natural and humanistic basis of the teachings of Comenius is being closely clarified. What Comenius in that period leaves as a base, was the non-formal education. However, today this education in line with advances in technology and the expansion of knowledge, represents a formal education. The conclusion that emerges is that there are many factors that affect the speed in which non-formal shifts to formal education. However, it is necessary to highlight the degree of manipulation influenced by the expansion of the informations, which may also have negative consequences. Finally, today's schools should be conceptualized in a way to help students, especially in the teacher – student relation, through adapted and content programs, technologically equipped, and teachers trained to apply the new methodological strategies in teaching and learning, with target for comprehensive development of the individual student, his psychical development, so critical and creative thinking, always in the field of followed/gradual development.
**Keywords:** (formal/non-formal) education, strategy, student, technology of the knowledge.

# ФОРМАЛНО ИЛИ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Радомир Поповски**
УКИМ – Скопје, Република Македонија radomir108@gmail.com

**Резиме:** Секоја држава, па и Република Македонија, во рамките на општата стратегија на образованието, всушност претставува концепција на одреден образовен систем, долгорочно гледано, а се на основа на долгорочните цели на образованието. Тоа подразбира одреден образовен систем да се формира во склад со целта која државата тежнее да ја оствари преку основното и високото образование. Повеќето концепции на образованието почиваат на предметно-оделенско часовниот систем, како на просторите на Балканот, така и пошироко, а во деветогодишно траење на постоењето на различните варијации. Во трудот е дефиниран воспитно-обрзовниот систем на Република Македонија. Одделенско-часовниот систем на Коменски се разгледува од повеќе аспекти. Дефинирана е појавата на формалниот систем на учењето, односно предметно-оделенско часовниот систем. Наведени се предностите и недостатоците, како во методолошка смисла, така и во неговата стереотипност, а особено во трансферот на знаењето кој ученикот го поставува во

објективна позиција. Во целта за сестраниот развој на ученикот, неговото активно учество во воспитно-образовниот процес – се претставени достигнувањата на некои експериментални училишта, како Самерхил. Далтон-планот претставен е како вид на неформалното учење, а предочени се и неговите импликации во целта на индивидуализираната работа, како и наставните техники чија задача е – наставата втемелена на слободата на ученикот да бира одредени проблемски содржини во склад со своите афинитети, способности и можности, при што тој го дава својот максимум. Компаративно е анализиран формалниот и неформалниот пристап на образованието. Во трудот е проследена фронталната наспротив индивидуализирната работа со учениците и нивните ефекти. Наведени се некои примери на неформалниот пристап (Индија, Пакиста и Израел) во кои сѐ уште доминира верската или некоја друга провениенција, како и некои модерни пристапи во воспитно-образовните процеси преку методолошките иновации, засновани на научните истражувања и практики, кои се пред сѐ осмислени и со кои раководат научните работници и експерти. Цел на овој труд е да укаже на развојот на образовниот систем, улогата на училиштето и неговото влијание на етичко-психолошкот профил на младата личност. Учењето не се посматра како унифицирана активност, туку напротив, како достапно на сите и доживотно. Појаснета е одблиску природната и хуманистичка основа на учењето на Коменски. Она што Коменски во тој период го остава како основа, било неформалното образование. Меѓутоа, денес ова образование во склад со напредокот на технологијата и експанзијата на знаењето, претставува формално образование. Заклучокот кој се наметнува е дека постојат многу фактори кои влијаат на брзината со која неформалното преминува во формално образование. Меѓутоа, потребно е да се потенцира и степенот на манипулација условен од експанзијата на информациите, кои може да имаат и негативни последици. На крајот, денешните училишта треба да бидат конципирани на начин да им помогнат на учениците, особено во односот наставник – ученик, преку прилагодени и содржински програми, технолошки опремени, а наставниците оспособени за примена на новите методички стратегии во учењето и поучувањето – со цел сестран развој на личноста на ученикот, неговиот психички развој, па и критичко и творечко мислење, секогаш во сферата на наредиот/постепен развој.
**Клучни зборови:** образование, стратегија, ученик, технологија на знаењето.

## ВОВЕД

Форматираноста на воспитно-образовниот систем во Република Македонија, има динамична природа, и, секако дека во настојувањето да се максимираат резултатите во таа сфера, не само што се следат контемпорарните светски случувања и достигнувања, туку се вршат и соодветни промени, интервенции и иновации (кои што се претпочитуваат како технички најпродуктивни, практично најсоодветни, функционално релевантни и прифатливи, општествено, економски и културно адаптивни и кореснодентни) со тежнеење да се востанови најдоброто, во рамките на докажаните и глобално прифатените воспитно-едукативни достигнувања и процеси. „Наставата во Република Македонија се одвива во воспитно-образовни институции со прецизно определено време на траење на учебната година, наставната недела, наставниот ден и на наставниот час. Учениците се распределени по класови (одделенија), а наставните содржини се организирани во наставни предмети“ (Пешевска-Заревска 2010: 18). Значи, во Република Македонија организирањето на наставата и нејзината реализација се изведуваат во согласност со принципите и стандардите на предметно-оделенско часовниот наставен систем, систем чиј што творец, креатор е еден од најважните реформатори во историјата на развојот образованието, Јан Амос Коменски[54].

Примената на јавниот авторитет се практикува на непосреден и заповеден начин, во спротивно настапува механизмот на неодложно санкционирање. Значи се работи за субјект кој што е надреден и за, нему подреден/и субјект/и. Надредениот, накусо, наложува, побарува одредени извршувања, однесувања (говориме во рамките на воспитанието-образованието) и е во позиција да санкционира, додека пак подредениот – треба (многу често – мора) да му се повинува на авторитетот кој што му е надреден. Кога станува збор за анонимниот авторитет неодминливо е неговото настојување и тежнеење употребата на принуда да биде прикриена, односно да се конструира ситуација во која се што се работи – се работи во согласност со поединецот или, поинаку кажано, дека авторитетот не постои. Се работи за многу суптилни и

[54] Јан Амос Коменски (чешки: Komensky, латински: Comenius, но и Comenio, Comenii), е еден од најпознатите и највлијателните педагози класици, реформатор на школството во повеќе земји, роден 1592 год. во Моравија (Чешка) во Ухерски Брод (според најновите истражувања во Нивнице). Починал во Холандија, во Наарден, 1670 год.

комплексни механизми, така што реперкусиите т.е. самото санкционирање воопшто не мора да биде на пр. некој вид на телесно казнување или физичко оневозможување, туку тоа може да се манифестира преку различни видови на, пред се психичка манипулација од страна на родителите или воспитувачите спрема детето. Значи, додека јавниот авторитет се користи со физичка присила, анонимниот авторитет применува психичко манипулирање. Првиот е карактеристичен за деветнаесеттиот век, додека вториот се јавува како последица од обусловеноста од организациските потреби на современото индустриско општество во дваесеттиот век. Накусо, вистинското извориште на овие манипулации се јавува во сферата на организацијата на производството каде со поединецот мора и да се управува и да се манипулира (тоа го наметнува природата на капиталистичкиот систем на експлоатирање, во кој што поединецот е само еден запчаник во механизмот на процесот на производство). Не помалку суптилна и перфидна е манипулацијата во сферата на потрошувачката во која што само наизглед се конструира чувството за слобода на изборот. Во суштина функционира моќниот апарат на сугестија кој има две цели:

- прво: непрестано да се зголемува желбата кај поединецот за нови потрошни добра, поединецот непрекинато да се стимулира кон новото на пазарот;
- второ: да се насочува апетитот, стимулираноста во насоки најрентабилни за индустријата.

## 1. ПРЕДМЕТНО-ОДДЕЛЕНСКО ЧАСОВНИОТ НАСТАВЕН СИСТЕМ

Големиот, ингениозен реформатор Јан Амос Коменски, најпрвин забележал дека „дотогаш не постоеле школи кои наполно би одговарале на својата цел“ (вака гласи и насловот на деветтата глава од неговото грандиозно дело Голема дидактика, или во оригинал насловено како Didactica magna). Овој голем чешки педагог, филозоф и писател го разработил предметно-одделенско часовниот систем на настава, систем кој што (со некои минорни корекции) е востановен и функционира повеќе векови, доживувајќи го всушност своето вистинско вреднување и примена во нашата современост. Со овој систем наставата се координира на начин кој што е исклучително подобен, функционален и продуктивен. Имено, предностите се:

- во можноста заеднички да се подучуваат голем број ученици; наставата да се координира на тој начин што учениците се групираат во одделенија (во кои пак, бројот на ученици исто така може да се утврдува според некои други потребувања – значи се упразнува еден еластичен принцип и во таа смисла); учениците се на иста возраст и со слични предзнаења; нивното запишување е еднаш годишно (што овозможува воведување на учебна година) и се овозможило воведувањето и поделбата на наставните содржини на наставни предмети (кои соодветствуваат на одделни науки или вештини, наместо дотогашната практика формалното општо образование да е втемелено на изучување на „седумте слободни вештини“.[55]
- од погоре наведеното може да забележиме уште една подобност во ф-ција на подобрување на наставниот процес: се добиваат групи ученици со релативно близок, хомоген состев, односно со сообразна генерациска поделба и со еднаква обука (Пешевска-Заревска 2010: 18).

Меѓутоа, предметно-одделенско часовниот наставен систем е и критикуван:

- бидејќи самата природа на наставата (во методолошка смисла[56]) е насочена кон просечниот ученик, што создава атмосфера која ги пасивизира другите ученици (имено, не им подобува на понапредните ученици, а може да им биде поголем товар на подпросечните ученици).
- заради недостатоцте што произлегуваат од стереотипноста во организирањето на едукативниот процес: вкалапувањето на наставните содржини во строго определеното време на наставните часови;

[55] Septem artes liberales (седум слободни вештини), кои биле поделени во две групи: едукативните области наречени тривиум (trivium) ја сочинувале едукативната област втемелена врз изучувањето на јазикот и говорот: граматика (grammatica), реторика (rhetorice) и дијалектика (dialectica) – а едукативните области наречени квадриум (quadrivium) ја сочинувале втората група едукативни области, втемелени врз изучувањето на математиката: аритметика (artја сочинувале втората група едукативни области, втемелени врз изучувањето на математиката: аритметика (arithmetica), геометрија (geometria), астрономија (astronomia) и музика (musica).
/Се забележува влијанието на питагорејците – во примерот на определувањето на музиката како базично математичка област./

[56] Се мисли на методологијата на наставата, која е *предавачка – демонстративна*.

распределувањето на учениците во определени класови; поделбата на наставните содржини по наставни предмети се гледа како акт на вештачка поделба и диференцирање на реалноста – која што објективно е единствена реалност. / Авторот на овој труд смета дека последнава забелешка не е издржлива бидејќи се работи за нужно распределување/подредување на наставните содржини, концептуален приод со кој им се олеснува трансферот на знаења на учениците – а впрочем тој ист процес на тој начин им го олеснува работењето и на самите наставници.

## 2. ЗНАЧЕЊЕТО НА ДАЛТОН-ПЛАНОТ

Далтон-планот (Dalton Plan) е познат уште како Далтон-лабораториски план и Паркхерст-метод. Станува збор за наставно-истражувачки проект кој што, преку еден оригинален пристап, се фокусира врз проблемите на технологијата на наставата.[57]

Имено, Хелен Паркхерст (од 1905 год.) почнала во комбинирани одделенија (класови) експериментално да применува индивидуална работа со учениците. Бидејќи станува збор за методолошка постапка во рамките на технологијата на наставната работа: учениците добивале месечни писмени белешки за своето работење, а белешките ги содржеле потребните објаснувања за целите и задачите на работата, упатствата за работа итн.

Со оглед дека станува збор за еден систем на неформално работење – практикување на процесот на образование, се истакнуваат позитивните импликации со кои настапува Далтон-планот:

- бидејќи ритамот на работата е индивидуализиран (се применува техника на настава втемелена врз индивидуална работа на ученикот) – ученикот имал можност порано да ја заврши работата и веднаш да добие нови задолженија и задачи;
- во тој контекст ученикот можел да ја одложи работата врз определен предмет на истражувањето заради континуирана работа врз други задолженија. Тоа значи дека на личноста ѝ се овозможува слобода при одбирот – во согласност со нејзините афинитети, способности и можности, при што се отвара простор ученикот да го даде својот максимум (кога станува збор за даровитите ученици) и да ги одбегне оние сфери во кои (од најразлични причини) ученикот дава слаби или исклучително слаби резултати. За потребите на активностите на учениците, биле обезбедени соодветно опремени предметни лаборатории, како на пример библиотека, работилници итн., а исто така важно е да се нагласи и позицијата и активностите на наставникот во тој контекст: наставникот стоел на располагање за консултации и др. видови на давање подршка на ученикот, додека по завршувањето на работата ги прегледувал и оценувал ученичките извештаи.

Не е тешко да се увиди модификацијата на активностите и улогата на наставникот во воспитно-образовниот систем модулиран како „Далтон-план“, како и неговото ефектуирање кое според некои параметри може да даде позитивни резултати.[58] Значи, фронталната наставна форма на работа се заменува со целосна индивидуализација на наставата.

Системите на т.н. неформално образование не се деструктивни, и доколку се внимателно и научно-аналитички (издржливо) разработени – тие можат да бидат стимулативни: и да не биде прифатен некој понуден модел на алтернативно конципирано училиште, по селективен пат сепак нешто (макар и во изменета форма – каков што беше случајот со Далтон-планот во СССР) може да биде ставено во ф-ција на подобрување на веќе востановеното формално образование. Дури и кога ретко се изнаоѓа/признава по некоја позитивна иновација, ваквиот тренд треба да продолжи и на соодветен начин да се стимулира постоењето на алтернативните школи. Постојат уште многу примери на т.н. не-формални училишта (такви се мноштвото традиционални школи во Индија, Пакистан, кибуците во Израел, и многу други ширум светот). Сепак, постои голема разлика помеѓу школите со верска или некоја друга провениенција и алтернативните училишта со научна постура чија што основна цел е унапредување на воспитно-образовните процеси преку

---

[57] Основоположник на овој метод е Хелен Паркхерст (Helen Parkhurst) – затоа и се вика Паркхерст-метод, а називот Далтон-план произлегува од фактот дека неговата основоположничка живеела и работела во гратчето Далтон, во сојузата држава Масачусетс во САД.

[58] Далтон-планот набргу се проширил и во Европа (пред се во Англија и Скандинавија), а во 1930 год. е модифициран како бригадно-лабораториски систем во СССР (белешки со задачите не добивале поединци, туку работни бригади, составени од 2 до 15 ученици). Види: Пешевска-Заревска, О. *Современа методика на наставата по филозофија.* Скопје: Филозофски факултет, (2010), стр. 21.

методолошките иновации и научно заснованите истражувања и пракса, кои се осмислени и со кои раководат научни работници и талентирани експерти.

## 3. ПРИМЕРОТ НА САМЕРХИЛСКОТО УЧИЛИШТЕ

Во Самерхилското училиште[59] се обработува проблемот на не-формалното, алтернативно училиште и во тој контекст многу повеќе би бидле при рака – како егземплари – токму критичарите на предметно-одделенско часовниот систем (кој што практично функционира како формален). Уште понатаму (и уште попрецизно) интересот е поставен врз проблемот на авторитарниот систем и застапниците за промена на тој систем, или поточно, на можноста за супституција на авторитетот со слобода/слободност. Тоа во голема мерка флуктуира во рамките на психолошко-педагошката димензија на пристапот кон младите личности, ученици во воспитно-образовниот систем и, во таа насока овој труд се задржува врз примерот на едно алтернативно училиште (какво што е Самерхил), во кое се применувале не-стандардни методи (на релацијата наставник – ученик, ученик – ученик итн.), какви што практикувал Александер С. Нил. Сите тие алтернативи, всушност се во ф-ција на изградбата на една подобра личност, индивидуалец, чии што квалитети во сферата на неговата општественост (морал, воспитание, слобода на личноста) – сметаат поборниците на овој начин на образование – би се издигнале над чисто повисокот квантум на знаење што го обезбедува авторитарното/дисциплинирачко (и санкционирачко) образование. Делото на Јан Амос Коменски се задржува на односот кон младиот човек и на промислувањето на нештата кои во воспитно-образовните процеси неговата личност (нужно) ги потребува на својот животен пат. Според Коменски, образованието е нужно и нераскинливо поврзано со една личност од самиот нејзин зачеток – па се до смртта (која што, повторно според Коменски) не е и конечен крај, па затоа, in ultima linea целиот животен пат треба да биде проследен со воспитување – образование, едукација која што, подобрувајќи го човекот – ќе му обезбеди позитивна постморталност. Не е тешко да се забележи дека Коменски е и длабоко религиозен човек, но со забелешка дека неговата религиозност нималку не е ограничувачка ниту пак фанатична – таа е длабоко етична и е во функција на унапредување на човекот (и во интелектуално-образовна и во етичко-хумана смисла).

Во повеќе наврати се истанува комплексноста на процесот на едукација од било кој аспект и во конотација со кој било проблем. При анализата на алтернативното образование се забележува дека значењето на етиката е од особена важност: и при артикулирањето и реализацијата на утврдените цели при самиот образовен процес, и при евалуацијата на постигнатите резултати, координирањето и комуницирањето, конечно, речиси во секоја потка иманентна на воспитно-образовниот контекст флуктуира етиката. Соодветен е примерот со детето кое што било анксиозно до ниво на агресивност и на прв поглед многу деструктивно: но, по соодветниот педагошки приод на Нил – тоа исто дете, кое што предходно, со дозвола на Нил го испокршило сиот порцелански прибор на масата – побарало подобро платена работа за да може тој ист прибор да го купи и на тој начин да ја исправи својата грешка. Не е тешко да се заклучи дека со соодветна педагошка постапка, која што секако е резултат на искуството и психолошката проникливост на Александер Нил, биле пробудени и координирани механизмите во етичката сфера на детето. Детето, по себе, не може да биде лошо. Освен во некои специфични и многу ретки исклучоци – децата и злото се апсолутно инкомпатибилни.

## 4. ФИЛОСОФСКОТО СФАЌАЊЕ НА КОМЕНСКИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

„Но она незадоволното, кое сака да оди исправено, тој избран дел во нас, непрекинато нараснува, најпрвин во младите. Започнува исправен ‘од, тежнее да биде слободен од оние што веќе застариле, кои се едновремено и сеуште моќни и живуркаат без мисли. Тежнее кон вистинската потпирка, наместо кон она што е туторско и во исто време е и бесцелно, потпирка која што празниот притисок, притисокот на

[59] Александар Сатерленд Нил (роден 1883 г.) е Британски педагог кој што во1921 г. ја основал школата Самерхил (во една покраина во Англија), алтернативна школа во чии што рамки наставата и воспитувањето на децата биле поставени врз потполно нови (радикални) педагошки и психолошки основи (и покрај тоа што постојат соодветни блискости со некои други, постари школи). Воспито-образовниот процес кој што бил практикуван во Самерхил се смета за еден од најзначајните педагошки експерименти на дваесеттиот век. Нил бил и жестоко критикуван, но сепак превладуваат големите признанија од еминентните педагози, психолози и антрополози.

празнината најмалку би можел да му ја упразни“ (Bloch 1986: 9). Младоста по вокација е преполна со живот и живост (или elan vital, што би рекол Бергсон). Таа потенција, ако на прикладен и со љубов, тактика и знаење – начин не започне да се вообликува благовремено, ако не и се посочат вистинските вредности и ако не и се укаже на вистинскиот пат и со соодветно воспитание и образование не се научи како да чекори по тој пат, тогаш може: или наеднаш да согори на почетокот на тој пат, или пак толку многу да забави што, во обата случаи – нема да успее да стигне до крајот на патот. Според некои современи истражувања, детето започнува да учи уште во утробата на мајката. Секако дека под „учење“ не може да се подведе една константна, унифицирана активност: докажано е дека постојат различни видови на интелигенција, различни механизми преку кои субјектот го доживува и светот и себесамиот, и различни – не само начини, туку и видови на учење Според Јан Амос Коменски, сите луѓе се подеднакво способни да бидат воспитувани. Во Pampedia (гл. II) тој пишува дека тоа не е привилегија ниту само на некои луѓе, ниту само на некои слоеви, ниту само на некои народи. Бидејќи секој човек ги поседува: „(…) сите надворешни и внатрешни сетила, заедно со предметите на тие сетла; има ум, потполно опремен со општо знаење, инстинкти и можности; има срце, седиште на чувствувањата, кое чезнее за најголемо добро; има сличен говор за меѓусебна комуникација за сите работи; има раце за слични работења со сите слични нешта; има време да расте, доволно за да ги постигне сите работи“ (Коменски 1997: 13). Значи, доколку на правилен начин успееме да го реализираме својот живот, тогаш можеме во потполност не само да не заталкаме и да исчезнеме во вителот на податливо-измамничкото време, туку можеме сосема да се подготвиме и за натамошната (според Коменски) постмортална егзистенција како среќни и исполнети суштества, чеда на Бога кои ја оправдале неговата доверба: „(…) сите луѓе треба да се воспитуваат и тоа да се воспитуваат така што на сите да им биде достапно истото воспитание, без оглед на богатството, општествената положба, раѓање, пол и слично“. И понатаму: „(…) секој човек треба да биде воспитуван целосно, во сите аспекти, а не парцијално, само во некои насоки“ (Коменски 1997: 14).

Воспитанието, ако е добро организирано, според Коменски, е фундаменталната постура на секој човек, достигнување што овозможува решавање на сите проблеми на секој човек, па и на секое општество. Според овој голем мислител и реформатор чие што творештво можеме да го поставиме во рамките на натуралистичката и хуманистичката дидактика, законите кои што важат во воспитанието, не се ништо друго туку оние исти универзални закони кои владеат во природата и кога сите луѓе би биле учени за исти работи во сите аспекти – сите луѓе би биле мудри и светот би бил полн со ред, светлина и мир. Од особено значење е да истакнеме дека и Јан Амос Коменски практично понудил едно „не-формално“ образование во констелација на своето време. Меѓутоа, токму тоа (во времето кога било креирано) алтернативно образование, толку векови подоцна, генерално земено – го претставува денешното, формално образование. Имено, целиот човеков живот Коменски го дели на седум етапи и за секоја од нив предвидува посебна „школа“: 1. школа на зачнување и развој во утробата на мајката; 2. школа на раѓањето и на најраното детство; 3. школа на детството; 4. школа на младештвото; 5. школа на младоста; 6. школа на зрелото доба; 7. школа на староста. Првата и втората се т.н. мајчинска школа, „школа во секоја куќа“ – бидејќи хронолошки ги опфаќа децата до шест години. Третата школа е школа на т.н. мајчин јазик (за деца од шест до двнаесет години). Оваа школа е школа „во секое село“. Четвртата школа е т.н. школа на латински јазик (за млади од дванаесет до осумнаесет години) и се наоѓа во секоја провинција. Петтата школа се наоѓа во „секоја држава“ – тоа е академија (за млади од 18 до 24/25 години). Шестата школа му припаѓа на „целиот свет“, додека седмата – секаде каде што се наоѓаат луѓе кои се подобро оспособени за животот. Првите две школи се приватни школи и за нив се одговорни родителите (имено станува збор за воспитанието што детето го стекнува во рамките на семејството до неговото поаѓање во некоја “школа – општествена институција“. Останатите 3 школи (третата, четвртата и петтата) во суштина се јавни школи, општествени институции кои се под јавен надзор на црквата и на власта и токму за нивното востановување, поддршка и функционирање, Коменски особено се залагал. Двете последни школи (шестата и седмата) би требало да бидат лични школи, „бидејќи во тоа животно доба секој е доволно вознапреднат за да би можел да биде ковач на својата среќа и бидејќи тогаш ќе може да биде зависен само од Бога и од самиот себе.“[60]

[60] Ј. А. Коменски: *Pampedia,* делот “Panskolia”, часопис Педагогија, бр. 1, 1970 год. стр. 209 - 211. Коменски тука говори и за осмата „школа“ т.н. „школа на смртта“.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Очигледно е дека човекот уште од најрано доба треба да започне да се школува и дека тоа школување, пред сè е школување во прилог на најдлабокиот човеков интерес: самоопстој и саморазвој со позитивен морално-вредносен предзнак. И секогаш треба да бидат пред очи злосторствата против човекот и природата кои што својата кулминација ја достигнаа во Втората светска војна (а уште повеќе фактот дека не станува збор за никаква случајна епизода која можела да биде избегната, несреќно рикошетирање кое може едноставно да биде избришано и заборавено): како потсетник во прилог на исклучителното значење/важење особено на етичкиот контекст како неизбежна нужност, без која што напредокот и развојот би се одвивале во една деструктивна димензија.[61] Зрелоста и дораснатоста на секое идно поколение се повеќе ќе зависи од воспитно-образовните процеси, а пак тие процеси се повеќе ќе бидат под влијание на глобално мапираната моќ и нејзините центри и носители, што од друга страна – ќе ја инхибира таа зрелост и дораснатост (прилагодувајќи ги и насочувајќи ги кон сопствените интереси клучните активности на homo sapiens-от, вклучително и активностите во сферата на образованието). За да се одбегнат подолги експликации: денес во светот, интернетот (на пример) врши огромно влијание врз младата популација анимирајќи ја во посакуваните насоки, а ништо подобра не е состојбата и со останатите медиуми. Исто така, промените во системот на оценување (особено замената на нумеричкото со описно оценување) треба да се изведуваат постепено и внимателно. Во спротивно, се изместува доживувањето на вреднувањето (од страна на вреднуваниот – детето), што повлекува поинаква реакција и влијае врз вообличувањето на ставовите на детето спрема самиот воспитно-едукативен процес, спрема носителите на наставните активности (наставничкиот кадар), спрема планирањето и степенот и насоките на заинтересираност итн. Некои наизглед минорни промени можат да профилираат мноштво последици кои во крајна инстанца – можат да го деструираат профилот на личноста на младиот човек – детето ученик. Преголемата отвореност на светот кој што денеска е, пред сè свет на информации, овозможува и огромна можност за манипулации. Можност која се користи. Што се однесува до алтернативните училишта, тие се исклучително корисни, и тоа од повеќе аспекти. Во алтернативните училишта суштественото треба да биде позиционирано во рамки во кои што посебно ќе биде акцентиран односот помеѓу учениците, особено односот наставник – ученик, содржините, технологијата и условите и методите на наставата, и следењето на психолошкиот профил и емоционално-интелектуалните реакции на учениците. Значи, идејата на алтернативното училиште нема единствено теоретско-познавателно, туку исто така и морално-практично значење.

Во контекст на прашањето Како е најприкладно да се постапува кон детето (за да би можело да се воспостават клучните принципи при неговото воспитание и образование)? – нужно е да се има вистинската слика за природата на детето, да се проникне во причините кои го иницираат (или на било кој начин влијаат врз компатибилните и интерактивни механизми на структурата на неговата личност) неговото однесување и, особено, начините на однесување (нивните специфичности, она што ги мотивира и до кој степен ги мотивира, она што ги пренасочува или деструира итн.), како и профилот на однесување кон детето кој што го активира механизмот на самопочит и автокоригирање и почит кон другиот.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Bloch, Ernst: Ateizam u krscanstvu, Naprijed, Zagreb, 1986.
[2] Frojd, Sigmund: Antropoloski ogledi, Prosveta, Beograd, 2005.
[3] Nansi, Zan-Lik: Iskustvo slobode, Beogradski krug, Beograd, 2008.
[4] Nil, Aleksandar: Slobodna deca samerhila, Bigz, Beograd, 1979.
[5] Schweitzer, Albert: Out of My Life and Thought, Hanry Holt, New York, 1933.
[6] Ѓуриħ, Михаило: Порекло и будуħност Европе, Плато, Београд, 2001.

[61] Дека тие злочини против човекот и против природата не биле сторени напразно, несакајќи или случајно, од чист „јавашлук“ или пак некаков друг мрачен порив, туку смислено и организирано, добар дел од нив во името на некои митски или религијски симболи, но *и врз строго научна основа и заради унапредување на науката и проширување на научно – техничкото знаење,* доволно уверливо покажуваат примерите на маченички страдања (на пример) на Евреите во Аушвиц за време на нацистичката стравовлада во Германија и на Србите и др. народи од бившите Ју-простори во Јасеновац за време на усташките дивеења, итн. Види Михаило Ѓуриħ: *Порекло и будуħност Европе*, поглав. VIII. Филозофска Европа као путоказ, Плато, Београд, 2001.

[7] Коменски, Јан Амос: Велика дидактика, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1997.
[8] Пешевска-Заревска, Олга: Современа методика на наставата по филозофија, Филозофски факултет, Скопје, 2010.
[9] Реинголд, Хауард: Тие имаат збор за тоа, Табахон, Скопје, 2011.